# ТЕМПЛУМ
# 2 0 2 6



# Содржина


Стефанија Граовац
НЕРВОЗНА СУМ 3

Бунјамин Мефаил
БОДЛИКАВИ МИСЛИ 4

Мила Митевска
ФИОКА 5

Деспина Ангеловска
ПОЕТИКИ НА СОВРЕМЕНАТА ЕВРОПСКА ДРАМА И ТЕАТАР 6

Светлана Слапшак
ЖЕНСКИ ИКОНИ НА XX ВЕК 7

Мирослав Грчев
НАДЕЖТА ПОСТОИ, НО НЕ ЗА НАС 8

Николај Лесков
УМЕТНИКОТ ЗА ПЕРИКИ; РАСКАЗ НА ГРОБ 9

Џејмс Тејт
ЧОВЕКОТ СО ДРВЕНА НОГА БЕГА ОД ЗАТВОР 10

ДЕСЕТТЕ НАЈДОБРИ РАСКАЗИ НА СВЕТОТ 11

Марија Ангеловска
ГЛАВА ШТО ЛЕБДИ 12

Енис Хилми
БЕРЛИН, ГРАДОТ ШТО НЕ ГО ЗАСАКАВ ОД ПРВА 13

Еден фон Хорват
МЛАДИНА БЕЗ БОГ 14

Џоана Волш
НАБАВИ СИ МУДА 15

Дубравка Угрешиќ
ШТЕФИЦА ЦВЕК ВО ЧЕЛУСТИТЕ НА ЖИВОТОТ 16

Дубравка Угрешиќ
НАРИЛНИК ЗА ВЕШТЕРКИ 17

Дамјан Бужаровски
ИСТОРИЈАТА НА ГАЛИЧНИК 18







## Стефанија Граовац
# НЕРВОЗНА СУМ

Лудаци мои!
И лаги и измислици кога кажувате
и иднината кога ја предвидувате
како огледала вистината ја одразувате,
од машинеријата што нè дроби
сместени во лавиринтите на болничките соби.
Да се сопрат водопадите!
Да се сопрат живописните бои!
Медикаментозно и стручно
да се свитка душата што стои!
Ох, мои лудаци, пријатели мои,
реалноста денешна вас ве крои,
многу сте и ве сакам како деца свои.

**250 ден.**

Десет песни од дебитантската збирка на Стефанија Граовац. [okno.mk]




Бунјамин Мефаил

# БОДЛИКАВИ МИСЛИ

Од едно долго мисловно патешествие просеана е збиркава од рани и нежности, за смислата на животот, љубовта, светот... „Бодликавите мисли“, се составени од мисли и емоции кои се отслик на мозокот и јазикот. Мислите не се напишани за да го разубават светот, туку просто за да бидат присутни, во целата негова комплексност.

Овие стотина песни треба да допрат барем некоја душа која барем малку ќе си го разбистри видикот, а со тоа и патот по кој чекори. Збиркава е за оние што ја чувствуваат поезијата како близок простор, тивко и пријателско место каде што мислите можат да бидат продорни и вистинити.

**200 ден.**

Осум песни
[okno.mk]




## Мила Митевска
# ФИОКА

*„Во секоја нормална куќа има барем една интересна фиока за буричкање. Полна со предмети кои можеби никогаш никому нема да затребаат, ама не се баш за фрлање во ѓубре.“*

Вака почнува книгава, најавувајќи лична рекапитулација, сведување на сметките, правење ред во минатото, средување на фиоката (поднасловот е „записи со мирис на минатото“). Можеби токму поради интимниот тон, разгранувајќи се, книгава добива покомплексна веродостојност, а записите се вградуваат во овдешната кревка култура на сеќавањето, оснажувајќи ја и поттикнувајќи ја.

Книгата содржи 55 записи или цртички, кратки и интересни наративни форми во кои се преплетуваат мислите, мирисите, погледите, чувствата, времињата, просторите... Стилски се преплетуваат мемоарот (дневникот, сведоштвото, исповедта), анегдотите, семејните и пријателски приказни, краткиот расказ...

**300 ден.**

Мила Митевска [okno.mk]




## Деспина Ангеловска
# ПОЕТИКИ НА СОВРЕМЕНАТА ЕВРОПСКА ДРАМА И ТЕАТАР

Ми се чини дека театарот, како простор, е сам по себе место на отпор. Кога публиката го прави изборот да оди физички во театар, за мене овој избор, овој гест, е алтернативен гест во однос на мнозинското доминантно однесување и оттука тоа е гест на отпор. И јас не го заборавам овој аспект кога ја гледам публиката што седи во гледалиштето: согледувам дека сите овие собрани луѓе што не се познаваат меѓусебно имаат нешто заедничко - тоа што се поместиле за да дојдат во театар.

*Тјаго Родригеш*

**500 ден.**

„Поетики на современата европска драма и театар“ [okno.mk]




## Светлана Слапшак
# ЖЕНСКИ ИКОНИ НА XX ВЕК

Книгава е своевиден поп-лексикон кој опфаќа 60 одредници: од Агата Кристи, Брижит Бардо, Ана Мањани, преку Фрида Кало, Гертруда Штајн, Марлена Дитрих, Марија Кири, сè до Валентина Терјешкова и Вилма Рудолф. Но, внатре има приказни и за цвеќето, чоколадата, воланот, цигарите, лудоста, машината за шиење, љубовните романи...

Слапшак обработува забележителни и помалку забележителни женски ликови важни за женската историја; но, таа обработува и предмети кои за жените имаат клучни значења, глобални и локални слики, делови на женското тело или облека која добила иконична вредност. Таа ги преиспитува нивоата на значења што со себе ги носат популарните икони, воедно отворајќи патишта за воспоставување нови.

Зборот икона Слапшак го употребува издвојувајќи го од вообичаената употреба – „света слика“. Тоа издвојување зад себе остава нишка на иронија, но воедно ги зацртува контурите на едно ново, поослободено читање на историјата.

**500 ден.**




## Мирослав Грчев
# НАДЕЖТА ПОСТОИ, НО НЕ ЗА НАС

Колку темелна кретенизација требаше човештвото да претрпи за да се врати кон предаторскиот капитализам од 19 век, како тој да бил вистинскиот напредок?! Колку треба човештвото да заглупави за овој регрес кон кастинско општество да се доживува како револуционерен, а новото глобалното финансиско ропство и економскиот колонијализам да се гледаат како просперитет, а социјализмот да се третира како застарен и мртов?!

Мирослав Грчев, (1955) е редовен професор по урбанизам во пензија, на Архитектонскот факултет во Скопје. Посветено се бавел со карикатура, анимиран филм, графички дизајн, архитектура, урбанизам и теорија на урбаната форма. За градот пишува повеќе од три децении, а од раните 2000 пишува куси критички есеи за македонското опустошено општество и за удолниот релјеф на современите светски историски тенденции.

Првата книга текстови објавувани во Слободен печат е издадена 2014 во едицијата Темплум под наслов „Името на злото“, „Фашизам во куси панталони“ излезе 2017, „Пирови победи на патот за Европа“ 2020 година, „Креативниот демон на глупоста“ во 2023 година.

**500 ден.**




## Николај Лесков

# УМЕТНИКОТ ЗА ПЕРИКИ; РАСКАЗ НА ГРОБ

Расказот или новелата „Уметникот за перики“ претставува едно од најсилните и најемотивни прозни дела на Лесков. Низ деветнаесет кратки поглавја се преплетуваат темите на уметноста, слободата и трагичната судбина на поединецот во услови на општествена неправда. Моќната приказна, социјалната критика и длабоката психолошка анализа се вткаени во дело едновремено уметнички впечатливо и етички ангажирано.

Аркадиј, „уметникот за перики“, е вљубен во актерката Љубов Онисимовна. Нивната љубов е опасна бидејќи грофот не дозволува никакви врски меѓу неговите „слуги“, а самиот тој фрлил око на Љубов. Кога грофот ќе нареди Љубов да биде подготвена за неговата спална соба, Аркадиј решава да преземе очајнички чекор.

**200 ден.**




## Џејмс Тејт
# ЧОВЕКОТ СО ДРВЕНА НОГА БЕГА ОД ЗАТВОР

Пишувањето на Џејмс Тејт има јасна наративна линија и покрај неговата нагласена игривост и склоност кон нонсенсот. Неговиот разговорен тон е наизглед „обичен“, но конфекциската дикција тој ја нарушува со апсурдистичкиот хумор и надреалистичките фигури кои ги вади од својот непресушен арсенал на бизарни поетски слики. Она што Тејт го позајмил од надреалистите е примената на логиката на сништата и на слободното асоцирање, но во рамките на американскиот специфичен локален колорит. На свој начин откачена, понекогаш дури и „непресметлива“, неговата „поезија во проза“ со својот имагинарен вишок како конститутивен елемент нуди всушност концепт за песната-расказ како дарежлива и отворена структура која секогаш може да биде окончана со соодветна и духовита поента, во што Тејт е вистински мајстор.

**200 ден.**

Три кратки фикции [okno.mk]




# ДЕСЕТТЕ НАЈДОБРИ РАСКАЗИ НА СВЕТОТ

Идејата е едноставна: десет писател(к) и го избираат својот омилен расказ. Нивните десет избрани раскази ја формираат книгава: „Десетте најдобри раскази на светот“.

Лилјана Дирјан → Акинари Уеда

Иван Шопов → Николај Гогољ

Калина Малеска → Џејмс Џојс

Димитрие Дурацовски → Џек Лондон

Владимир Мартиновски → Рјуносуке Акутагава

Лидија Димковска → Марина Цветаева

Никола Гелевски → Хорхе Луис Борхес

Румена Бужаровска → Фланери О'Конор

Оливера Ќорвезироска → Петре М. Андреевски

Магдалена Хорват → Лусија Берлин

**500 ден.**

Десетте најдобри раскази на светот [okno.mk]

едиција
МАГМА




# Марија Ангеловска
# ГЛАВА ШТО ЛЕБДИ

Расказите на Марија Ангеловска (добитничка на наградата „Новите!“) ја имаат најважната состојка која јас ја нарекувам „чудо во литературата“. Поигрувањето со фантастиката или надреализмот, направено во некаков квази-реалистичен манир, ја открива бујната, понекогаш и детска фантазија на авторката. Таа го гледа „чудото“ во најобичните, секојдневни нешта. Го пронаоѓа убавото во мачно возење во „раскантан“ автобус, ги персонифицира цвеќињата, соновите ги претвора во јаве (и обратно)... За да можат овие „чуда“ успешно да профункционираат неопходен е сериозен арсенал од стилски разноликости. Кој Ангеловска несомнено го има.

Ѕвездан Георгиевски

**250 ден.**

Марија Ангеловска добитничка на наградата „Новите“ за 2021 [okno.mk]




## Енис Хилми

# БЕРЛИН, ГРАДОТ ШТО НЕ ГО ЗАСАКАВ ОД ПРВА

„Расказиве се обид и да го документирам малиот приватен живот од почетокот на милениумот, со одредени примеси на фикција. Поттикот за пишување на овие „берлински раскази“ е поврзан со моите чести и долги престои во Берлин. Одушевеноста ми растеше со секое патување во тој град создаден по човечка мерка, вистински отворен, кој ги почитува и развива различностите.“

Енис Хилми основно и средно училиште завршила во Охрид, а студии во Истанбул и Скопје. Тринаесет години работела во три македонски министерства. Живее на релација Охрид - Берлин.

**300 ден.**

Енис Хилми [okno.mk]




## Еден фон Хорват

# МЛАДИНА БЕЗ БОГ

„Ние мораме да ја заштитиме младината од сѐ што во иднина би можело да ги намали нејзините воени способности; тоа значи: мораме морално да ја воспитуваме за војна. Точка!“ Ова го вели еден од галеријата мрачни ликови во романот *Младина без бог*. Иако на моменти романот наликува на младински роман или на црна комедија со елементи на трилер (истрага за убиство), неговата длабочина е застрашувачка, особено со оглед на настаните што допрва ќе се случуваат на историската сцена; Хорват не само што го слика брутализмот на хитлеризмот туку ги навестува страшните настани кои ќе ги сомелат Европа и голем дел од светот. Сличностите со нашето време и со ликовите и вредностите што тоа ги создава се јасно препознатливи.

**300 ден.**

Младина без бог [okno.mk]




## Цоана Волш
# НАБАВИ СИ МУДА

Модерните бајки на Цоана Волш се случуваат во свет на чудесни еротски можности, каде желбата е водечка енергија а срамот е непозната емоција. Во овие неверојатно смешни, апсурдни и понекогаш мрачни бајки сè е исполнето со магијата на сексот. Сепак, под надреалната површина на книгата, во нејзиното пулсирачко срце, лежи остроумно истражување на бројните пермутации и комплексности на желбата.

**300 ден.**




## Дубравка Угрешиќ
# ШТЕФИЦА ЦВЕК ВО ЧЕЛУСТИТЕ НА ЖИВОТОТ

Краткиот роман „Штефица Цвек во челустите на животот“ (1981) е едно од најдобрите книжевни дела на југословенскиот постмодернизам и на таканареченото „женско писмо“.
Романот е вистински бисер кој ги пародира суштинските прашања на книжевната работа.
Духовито поигрувајќи се со љубовниот роман, најпопуларниот жанр на тривијалната литература, авторката крои духовита урбана слика со нехеројска хероина во центарот, Штефица Цвек: мала дактилографка во потрага по среќа и по љубовта на нејзиниот живот.
Поднаслов на романот, Patchwork Story, алудира на кројачката работа. Дури и графичката опрема на книгата е полна со знаци за кроење и шиење.
Угрешиќ добродушно ги исмејува литературните клишеа, но и, речиси пророчки, ја преиспитува модерната цивилизација која тоне во баналноста на општата естрадизација.

**300 ден.**




## Дубравка Угрешиќ
# НАРИЛНИК ЗА ВЕШТЕРКИ

Во оваа жанровски недофатлива книга Дубравка Угрешиќ разговара со теоретичарката и феминистка Мерима Омерагиќ, обрнувајќи внимание првенствено на патолошките состојби на сегашниот миг, и „регионален“ и глобален. Угрешиќ не се задоволува со просто оцртување на невеселите состојби, туку го бара и нивното потекло, без оглед дали станува збор за уметноста, културата или општеството.

**Дубравка Угрешиќ** (1949-2023), по напуштањето на Хрватска во 1993, се позиционираше како транснационална или постнационална писателка и се залагаше за правото на авторите да не ги признаваат и почитуваат етничките и националните граници.
Во егзилот кој со текот на времето стана емиграција, нејзините книги беа преведени на многу јазици.

**300 ден.**

Нарилник за вештерки (фрагменти) [okno.mk]




# Дамјан Бужаровски
# ИСТОРИЈАТА НА ГАЛИЧНИК

На околу 112 километри од Скопје се наоѓа селото Галичник. Во минатото Галичник бил најголемо село во Реканскиот Регион, а своевремено бил прогласен за гратче. Со близу 5 000 жители во 1905 година тој имал големо економско значење за сите околни села и пошироко. Со својата историја од речиси илјада години, Галичник е значаен за Македонија од повеќе аспекти. Значајни се архитектурата, обичаите, фолклорот, песните, носијата и др. Затоа во 1975 година било донесено решение со кое Галичник бил прогласен за споменик на културата, заради рурално-архитектонските, уметничките, научните и други вредности и заради значењето за историјата и културата на македонскиот народ.

Дамјан Бужаровски

**800 ден.**

ТЕМПЛУМ




Дизајн: Кома
Темплум, мејл:
templumskopje@gmail.com